Нацрт

Врз основа на член 22, став 1 точка 13 и став 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __.11.2024 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2025 година**

## I. Цели

Активностите во програмата на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 202година ќе бидат насочени кон обезбедување на континуитет во работата и надградба на Информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамки стратешките документи, планирање и усогласување со националните стратегии за ИКТ.

Стратешките цели се дефинирани во неколку приоритетни области, од кои најважни се:

- намалување на трошоците во работењето;
- подобрување на квалитетот на услугите.

Главните активности кои треба да придонесат за остварување на стратешките цели се поделени во неколку сегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко - комуникацискиот систем на општината;
- постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење;
- создавање на услови и креирање на еднонасочни и двонасочни услуги за граѓаните базирани на примена на светските стандарди во оваа област.

## II. Активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во реализацијата на проектните активности искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ.

Дел од проектите, вклучуваат:

| | Активности на Општина Велес за 2025 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **ЕА** | **Набавка на софтвер и хардвер** | |
| 1. | Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,) | 500.000 |
| 2. | Набавка на софтвер и лиценци (Office / SQL/ VEEAM) | 300.000 |
| **Е0** | **Тековно одржување** | |
| 1. | Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, ISS) | 700.000 |
| 2. | Тековно одржување на принтери и докуп на гарации | 200.000 |
| 3. | Тековно одржување на агрегат | 100.000 |
| 4. | Лиценци за мрежна заштита за 3 години (Firewall) | 600.000 |
| 5. | Набавка на софтвер за заштита (лиценца 3 годишна) | 600.000 |
| 6. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit …) | 600.000 |
| 7. | Набавка на ГИС услуги за Општина Велес и модул за автоматско генерирање на Извод од план | 800.000 |
| | **Вкупно** | **4.400.000** |

## III. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 4.400.000,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

## IV. Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2025 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Велес во сферата на Информатичкиот систем кој го поседува општината. Општина Велес е меѓу ИКТ најразвиените и ИКТ најопремени општини во Република Македонија и како таква е препознаена од страна на инвестициските странски фондови кои непрестано вложуваат во нејзиниот развој во ИКТ областа.

Согласно трендот на зголемување на користењето на ИКТ во секојдневното работење како основно средство за работа се јавува потребата за континуирано проширување и надградба на информатичкиот систем. Генерално, наведените активности се продолжување на започнатите активности во претходната година и континуирани секојдневни активности во зависност од тековните потреби.

Надградбата на серверските платформи, како и процесот на миграција и надградба на нови верзии на целиот информатички систем е започната и ќе продолжи во континуитет. Во однос на безбедноста на информатичкиот систем и овозможување на континуирано работење на општината посветува посебно внимание на оваа тема. Минатата година имплементирани се онлајн услуги кон граѓаните и правните субјекти на Општина Велес и планирано е нивно проширување во наредната година.

Појаснување за ставки:

ЕА.1 Средствата од оваа ставка ќе се користат за набавка на ИКТ опрема за замена на постоечката опрема која е дотраена и се користи повеќе од 5 години.

ЕА.2 Средствата од оваа ставка ќе се користат за набавка на лиценциран софтвер кој треба да се инсталира на набавената ИКТ опрема.

Е0.1 Средствата од оваа ставка ќе се користат за одржување на постоечката ИКТ опрема и агрегат во сопственост на општината. Сумата не се исцрпува секоја година целосно, но потребно е да бидат предвидени средствата за да може брзо да се интервенира при настанување на дефекти кои ќе влијаат врз работењето на општината.

Е0.2 Средствата од оваа ставка се користат за одржување и сервисирање на постоечките принтери во Општина Велес како и докуп за гаранација на истите.

Е0.3 Средствата од оваа ставка се користат за тековно одржување и сервисирање на агрегатот.

Е0.4 Средствата од оваа ставка се користат Лиценци за мрежна заштита за 3 години (Firewall).

Е0.5 Средствата од оваа ставка се користат за набавка на софтвер за заштита за 3 години (антивирус)

Е0.6 Средствата од оваа ставка ќе се користат за месечно одржување и надградби на постоечките апликации кои се користат за работењето на општината како апликација за даноци, апликација за архивско работење, хостинг за хостирање на веб страната, апликација за финансово работење, апликација за буџет и останати.

Е0.7 Средствата од оваа ставка ќе се користат за апликацијата ГИС на Општина Велес и вклучуваат хостирање и одржување на истата во рок од една година. ГИС е географско информационен систем со сетови на географски податоци на инсиституции, образование, адресен модел, граници на ГУП, граници на населени места, сателитска снимка, автобуски постројки и автобуски линии, водоводна, канализациона и атмосферска мрежа, ДУП и ГУП, зелени површини и зеленило, и останати слоеви од различни сетови на податоци.